# МИЛЕНИУМ

Број 19 Март, 2021 година, ООУ „Славко Лумбарковски“-Новаци



## Почитувани родители, драги ученици, наставници, колеги и вработени во нашето училиште!



Учебна година обременета со Ковид-19 здравствена и економска криза, користење на комбиниран модел на настава, но полна со активности, работа и успеси за сите нас.

Имплементација на нови активности од проектот МИМО, ЕКО училиште, кои резултираа со добивање на Грант од 30.000 ден. за потребите на училиштето. Секако најголемата заслуга за сето ова, лежи кај неуморниот предметен наставник Вецко Стојчевски. Исто така, реализирани се проекти во организација на училиштето, општината, МОН, НБРСМ, Кабинетот на Претседателот на Републиката, г-дин Стево Пендаровски во соработка со UNICEF, Always и др., имплементирани од колегите стручни соработници. Во наредниот период ќе се реализираат екстерни и интерни обуки за Советот на родители, Училишниот одбор на нашето училиште, како и обука на фокусирана група наставници, стручни соработници и административна служба, поврзана со начинот на аплицирање на училиштата за средства од европските образовни програми и фондови.

Стручните активи на ниво на училиште, на чело со Претседателите и нивните членови наставници, работеа неуморно и колегијално како никогаш до сега. Тука е и работата на Ученичкиот парламент, нивниот Претседател, Училишниот правобранител, членови организирани заедно со одговорниот стручен соработник, педагогот Пецо Ројковски.

Со задоволство Ве информирам за добиената донација од 25 висококвалитетни инвертер климатизери на општина Новаци, од страна на Владата на РСМ за училиштето. Добиени се преку владината програма за намалување на аерозагадувањето, предизвикано од нееколошки начин на загревање, односно замена на стари печки на дрва со висококвалитетни инвертер клими. Истите се монтирани и пуштени во функција за сите подрачни училишта.

Градежните активностите за училиштето продолжуваат со ставање во функција на нов санитарен јазол за учениците од одделенска настава во Новаци, обновување на старата електрична инсталација и вградување на нова, во подрачното училиште во с.Агларци. Санирано е оштетувањето на таванот, дел од ѕидовите и дел од кровната конструкција на зградата во подрачното училиште во с. Гермијан

Покриеност со нова интернет мрежа во централното училиште (голема зграда), како и нова интернет мрежа за сите подрачни училишта и дел во централното училиште (мала зграда), со што учениците и наставниците добиваат поквалитетна настава. Во тек е набавката на преносни компјутери (лаптопи) за работа на предметните наставници, кои реализираат on-line настава во централното училиште.

Овој месец аплициравме заедно со општината до МОН, од каде е добиен повратен одговор за целосна реконструкција на училишната зграда во с. Добромири (кровна, електрична, внатрешна реконструкција - под, ѕидови, санитарни јазли, котлара, пристапни рампи за ученици со ПОП, надворешна – енегретско ефикасна фасада и др.). Со ова, го решаваме деценискиот проблем кој го има ова подрачно училиште и обезбедуваме подобри услови за учење на нашите ученици.

Училишниот спортски клуб „Славко Лумбарковски“ со одговорните наставници е алатка која ќе помогне во јакнењето на физичкото и здравственото образование кај нашите ученици од одделенска и предметна настава. За таа цел, и оваа учебна година ќе поднесеме барање да се ослободат финансиски средства од страна на општината, со кои ќе се набават нови спортски реквизити и опрема и ќе се подготват учениците за спортски натпревари.

Сакам да Ве известам дека во тек е правната процедура, спортската сала „Пеце Матичевски“ да се врати во надлежност на општината, со што истата ќе се одржува на соодветен начин.

Подобрувањето на условите за работа на учениците, а со тоа и на наставниот кадар, е еден од поважните приоритети на делувањето на едно училиште како воспитно – образовна институција. Во таа насока Ви соопштувам дека веб страницата на училиштето можете да ја посетувате на www.oouslnovaci.mk и да дадете Ваш скромен придонес во дополнувањето и освежувањето на истата со нови информации, стории, новости, фотографии (за кои ќе побараме Ваша согласност почитувани родители и ученици). Набавената електронска табла е ставена во функција за работа на оние наставници и ученици кои ќе пројават желба за користење на истата. Исто така, во наредниот период ќе се набават нови наставно – образовни средства и помагала.

Од ЕКО активностите за оваа учебна година ќе ги спомենеме следните:

- Засадување на садници од зимзелено и друг вид на дрво во училишниот двор кои треба да се донација од фирми од Битола, Новаци и пошироко.
- Користење на контејнер за собирање на хартија, донација од „Пакомак“- Скопје,
- Изградба на летниковец, како и местење на метални конструкции на клупи за седење во паркчето, кое треба хортикултурно да се уреди во делот на училишниот двор, донација од ФОД ДООЕЛ Новаци и други приватни фирми.
- Организирање на еколошка акција – собирање на отпадно железо и електронски отпад од централното училиште и неговите подрачни училишта.

Благодарност до Тимот за промоција на училиштето, нејзиниот Претседател, наставникот Билјана Цветковска, неговите членови, до Тимот за техничка подршка, предметните наставници Пеце Николовски, Марија Кузмановска, Вецко Стојчевски, предметниот наставник Александар Макаријивски, стручниот соработник Тамара Станческа и останатите за несебичното залагање во организацијата и реализацијата на патронатот оваа година.

На крајот, од мое лично име и од име на мојот почитуван Помошник директор за педагошки и раководни работи Татјана Талевска, сакам топло да Ве поздравиме, да Ви го честитаме патрониот празник на нашето училиште и да Ви посакаме многу здравје на сите Вас.

**Директор**

**м-р Илче Соклевски**



# НАГРАДЕНИ ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ НА КОНКУРСОТ НА ТЕМА: *„ЈАС ЌЕ СЕ БОРАМ, ДРУЖЕ, ДА СТАНЕ ПОУБАВ СВЕТОТ“*

## НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ ОД ПРЕДМЕТНА НАСТАВА:

### ПРВА НАГРАДА

***ЈАС ЌЕ СЕ БОРАМ, ДРУЖЕ, ДА СТАНЕ ПОУБАВ СВЕТОТ***

Ни сонце,ни месечина,ни ѕвезди,
ни белиот блесок на месечината,
не умеат,како што умее лошото да се вгнезди,
во животот, па да ги спречи доживувањата.

Дружино моја,добра дружино,
Животот наш се збрка,
се помати сѐ во што човек веруваше,
Што ли ти згрешивме, добрино?

Бевме слободни-птици ширококрили
А сега сме сами во кафез,
и нема што да нѐ развесели.
Но , јас друже, ке се борам за излез.

Да се бориме за сонцето,
за месечината, за ѕвездите!
Да се бориме за поубав свет!
Да се бориме за нашата иднина!

***Стефан Митревски, VII[б] одд.***

### ВТОРА НАГРАДА

***ЈАС ЌЕ СЕ БОРАМ, ДРУЖЕ, ДА БИДЕ ПОУБАВ СВЕТОТ***

И кога сонцето не грее
биди ти светлина што секому се смее.
Биди знаме на мирот кое низ цел свет се вее,
биди славеј што среќно и весело пее.

И кога дождот силно паѓа,
биди ти виножитото кое се раѓа.
И кога сѐ околу тебе е тажно,
направи нешто за светот важно:
Подари љубов, помош, подај рака,
направи светот да те милува и сака!
Обој го шарено, без многу труд и мака!

А кога светот стои во место,
ти направи го првиот чекот вешто
сврти го од среќа
донеси му насмевки цела вреќа!
И кога светот тоне во лага,
биди искрен, нека владее вистината драга.

Кога светот, пак, е во мрак,
биди добар, биди пријател драг!
Ајде да го чујам и гласот ваш,
да го направиме најдобар светот наш!

***Теодора Талевска, VIII[а] одд***

### ТРЕТА НАГРАДА

***ИЗБЕРИ ПОДОБАР НАЧИН***

Во битката друже,
пушката живот коси,
победа нема за никој
и победникот загуба носи.

Зошто да има војна?
Борете се со книгата!

Со книгите в раце
со знаења полни,
јас ќе се борам, друже,
да нема деца болни!

Зошто да има војна?
Борете се со знаење!

Светот напредува,
низ иднината плови
јас ќе се борам, друже
со технологии нови!

Зошто да има војна?
Борете се со нови изуми!
Против вируси чудни,
загадена околина бликска.
Јас ќе се борам, друже,

***Никола Јанковски, VII[а] одд.***



## НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ ОД ОДДЕЛЕНСКАНАСТАВА:

### ПРВА НАГРАДА

***ДА ГО НАПРАВИМЕ СВЕТОТ ПОУБАВ***

Здраво другарчиња!
Ме слушате ли сите?
Имам добра идеја
весели да ни минат дните.

Караниците и злобата
минато да бидат
другарчиња мои од цел свет
чесност и љубов да видат.

Љубомората и злобата
засекогаш да ги покосиме.
Да помагаме на болен
да помагаме на млад
да помагаме на сиротите
кои умираат од глад.

Да украдеме насмевки
од сечие лице
слободни да сме како гулаби во лет.
Заедно да го направиме
поубав овој свет.

***Нина Тошевска, V одд., Новаци***

### ВТОРА НАГРАДА

***ЈАС ЌЕ СЕ БОРАМ, ДРУЖЕ, ДА БИДЕ ПОУБАВ СВЕТОТ***

Светот е
планета кружна.
За да биде убав
ни треба дружба.

Дружба за природа
чиста и сложна.
Облаци бели,
воздух гради полни цели.

Подавам рака
со порака јака
го можат тоа тие,
го можеме и ние.

***Доротеј Велјановски, III одд., ПУ Добромири***

### ВТОРА НАГРАДА

***ЈАС ЌЕ СЕ БОРАМ, ДРУЖЕ, ДА БИДЕ ПОУБАВ СВЕТОТ***

Јас ќе се борам
за поубав свет
како птица што пее
како што никнува цвет.

Насекаде ќе сеам
насмевки рој
ќе го разубавам светот
да не е тажен никој.

На војните страшни
да им дојде крај
Ах, да можам јас
светот да го направам рај!

***Марија Пајковска II одд., Новаци***



### ТРЕТА НАГРАДА

***ЈАС ЌЕ СЕ БОРАМ, ДРУЖЕ, ДА СТАНЕ ПОУБАВ СВЕТОВ***

Малечка сум уште јас,
но имам голема желба
и ќе ја кажам на цел глас.

Сакам сите деца да бидат среќни,
да се смеат и играат,
да учат и пишуваат.

Кога би имала волшебно стапче
АБРАКАДАБРА ќе направам
и сите ќе ги усреќам.

***Леона Илиевска, II одд., ПУ Добромири***



## ПОФАЛНИЦА ЗА НАЈДОБРО ПРОЗНО ОСТВАРУВАЊЕ НА ЛИТЕРАТУРНИОТ КОНКУРС

***ПОУБАВ СВЕТ***

Тажен е овој свет, гледам низ прозорецот и ништо веќе не се смее. Ко да запрело времето кога на сите им било најтешко. Сив стана целиот свет.

Сакам да имам моќ да го променам овој свет, сакам да променам сè. Не сакам да има болести, не сакам луѓето да умираат од овој глупав вирус, не сакам да бидеме затворени. Го сакам дружењето со моето семејство, со моите другари и другарки, сакам да одам на училиште, слободно да дишам и да зборувам. Сакам да нема гладни луѓе, да нема несреќни луѓе, ако е можно сите да бидат среќни.

Зошто е тешко толку многу луѓето да се почитуваат еден со друг?!
Кога би се почитувале еден со друг, овој свет би имал многу помалку нерешливи проблеми, сè би било полесно, а вака, сè е наопаку.

Кога би имала моќ целиот свет би го претворила во место каде среќата и љубовта царуваат. Добрина да зрачи од сите страни, да има мир и спокој, тогаш секој ден би бил поубав.
Тоа е мојата желба, а со многу труд сè може да се оствари.

Верувам дека светот ќе стане подобро место за живеење.

***Викторија Мицевска, IX одд., ПУ Бач***



## ПОФАЛНИЦА ЗА НАЈДОБРО ПРОЗНО ОСТВАРУВАЊЕ НА ЛИТЕРАТУРНИОТ КОНКУРС

***ЈАС ЌЕ СЕ БОРАМ, ДРУЖЕ, ДА БИДЕ ПОУБАВ СВЕТОТ***

Јас сум само едно дете кое сака слободно и среќно да расте и да си игра. Се чувствувам многу исплашено и неубаво кога ги слушам возрасните како зборуваат колку е тежок животот. Можеби се во право, бидејќи наоколу сè повеќе и повеќе гледам само намуртени чичковци и тетки кои не се смеат и радуваат како нас децата. Си размислував: зошто не се смеат луѓето? Што може да ги развесели?

Бевме со мојата сестра на поседок во Прилеп, кај нашите баба и дедо. Низ игра со нашите другарчиња од Прилеп, решивме да направиме нешто убаво и интересно во блискиот парк. Идејата беше моја, сакав сите луѓе да се радуваат. Утрото, сите другарчиња отидовме во паркот и со нас носевме музички инструменти, секој какви што има. Седнавме во круг и почнавме да свириме и пееме. На почетокот, многу луѓе нè гледаа чудно и намуртено, но за брзо сè се смени. Мислам дека сите луѓе, деца, баби, дедовци, се собраа околу нас. Огромен број на луѓе играа, пееја со нас, ни ракоплескаа и се смееја. И јас се смеев и бев среќен, бидејќи многу луѓе се чувствуваа среќно и се смееја.

***Давид Илиевски V одд., ПУ Добромири***

### ХЕРОЈ НАШ

Славко Лумбарковски е херој наш,
кој се бореше храбро и смело,
за ние вечно да се гордееме,
со неговото дело.

Наша голема гордост е тој
за татковината го дал животот свој.
Борец храбар и смел
да ја спаси татковината
беше негова цел.

***Петар Најдовски II одд.***

### ПРАЗНИЧНА ПЕСНА

Сонце земја гали,
знаме в детска рака
народ празник слави
празник светол, сакан.

Борци сказни плетат
спомен мил се ткае,
Птици песни пеат
денот в сонце сјае.

***Наталија Јовановска III одд.***

### ПРОЛЕТ

Пролет се буди
цути нежен цвет,
птиците весело
пеат во лет.

Пчелките вредни
одат од цвет на цвет
и во своите кошнички
собираат сладок мед.

На ливадите,
околу нашето убаво село
никнале кокичиња
насекаде е бело.

***Михаела Ристевска IV одд.***







## 100 години од раѓањето на Блаже Конески!




Блаже Конески (19 декември 1921 – 7 декември 1993) е најзначајната фигура на македонскиот 20 век. Филолог, поет, прозаист, есеист, литературен историчар, преведувач, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, академик – прв претседател на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ).

Тој е еден од кодификаторите на современиот македонски литературен јазик.

Блаже Конески е роден во село Небрегово, Прилепско, каде живеел до својата осма година. Потоа, целото семејство се преселило во Прилеп и таму Конески учел основно училиште и нижа гимназија. Виши класови гимназија завршил во Крагуевац, а студиите по славистика ги започнал во Белград, а ги завршил во Софија во 1944 година.

Родната куќа на Блаже Конески во с.Небрегово, прилепско.





Како научник-славист, тој ги направил најголемите чекори за македонскиот литературен јазик. Учествувал во комисијата за азбука, учествувал во составувањето на првиот македонски правопис, ја напишал Граматиката на македонскиот јазик, Историјата на македонскиот јазик и е еден од составувачите и главен редактор на Речникот на македонскиот јазик (во три тома).

Освен со научна, Конески се занимава со творечка, препејувачка, есеистичка и критичка дејност.
Во 1945 г. се појавува неговото прво поетско дело „Мостот“, со мотив од изградбата на земјата; 1948 г. збирката „Земјата и љубовта“ – песни со патриотски и борбени чувства, карактеристични за првата фаза на повоената македонска поезија; 1953 г. збирката „Песни“, каде се свртува кон себе, кон својата интима.

Следуваат збирките: „Везилка“, циклусот „Стерна“, збирката раскази „Лозје“. Ги напишал и збирките песни: „Записи“, „Стари и нови песни“, „Чешмите“, „Послание“, „Цркви“, „Златоврв“, „Сеизмограф“, „Небесна река“ и „Црн овен“.

Конески беше почесен директор на неколку универзитети, а во негова чест, денес Филолошкиот факултет го носи името Блаже Конески.

## Цитати од Блаже Конески:

„Послушајте Македонци! Јазикот е единствената наша татковина. Сѐ додека го чуваме, го негуваме, го вардиме, го гледаме јазикот наш македонски – ќе може да сметаме дека ја имаме и татковината. Како куќа, како дом, како огниште “.

„Два конца парај од срцето, драги,
едниот црн е, а другиот црвен,
едниот буди морничави траги,
другиот копнеж и светол и стрвен“ – „Везилка“

„Убавите жени во мојот народ
тие брзо прецутувале
како цут од кајсија
како мајски јоргован“ – „Убавите жени“

„Големо ни е името, ќе сакаат да ни го земат“
„Јас ќе се борам, друже,
да стане поубав светов“- „Писмо“

„О тешкото! Зурли штом диво ќе писнат,
штом тапан ќе грмне со подземен екот —
во градиве зошто ми навира река
и зошто ми иде да плачам ко дете,
да превијам раце, да прекријам лик —
та гризам јас усни, стегам срце клето,
да не пушти вик“. – „Тешкото“

„Се поврати човек во родниот град,
по многу време и мака.
што оставил еднаш тој не најде пак,
тој не најде ништо да мрази и сака“ – „Враќање“

„Ќе дојде време на лажни пророци
што божем во мое име
ќе ве збираат по плоштадите,
ќе креваат врева до небеси
ќе се бувтаат во градите.
Немојте да им верувате!
Тие мислат само на себеси“ – „Лажни пророци“

„Дај Господе, што помалку очите да
им ги бодам -
штом тие лево ќе фатат,
јас десно да одам“. – „Молитва“

Подготвија членовите на
литературната секција



# 200 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ФЈОДОР МИХАЈЛОВИЧ ДОСТОЕВСКИ – ЕДЕН ОД НАЈПОЗНАТИ РУСКИ И СВЕТСКИ ПИСАТЕЛИ



Фјодор Михајлович Достоевски бил голем руски книжевник, познат како еден од првите претставници на психолошкиот реализам во европската книжевност. Роден е на 11.11.1821 година во Москва, каде што го поминал своето детство. Кога имал 16 години се запишал на Воено-инженерската академија во Петроград. Тоа не му се допаѓало, па почнал да се занимава со литература. На 25-годишна возраст го напишал својот прв роман „Бедни луѓе“. Уште при појавата на првиот роман на Достоевски, тој бил пречекан со блескави критики, а големиот критичар Белински напишал дека „никој од руските писатели така не ја почнал кариерата“ и дека се работи за необичен талент. Откако го објавил својот прв роман на 25 години, Достоевски се приклучи кон контроверзниот книжевен клуб наречен Петрашевски круг. Групата главно беше посветена на социјалните реформи, но претставниците на земјата од тоа време не ги одобрија нивните идеи. Групата, исто така, беше обвинета за заговор против царот Николај I.

За да постави пример за другите, Николај I договорил погубување за сите што учествувале во групата. Сепак, само неколку моменти пред стрелачкиот тим да пука, тој ја откажал својата наредба. Наместо тоа, тој ги испратил во сибирски камп. Достоевски ништо не пишувал за време на неговата казна, но таа била огромна инспирација за неговите идни романи. Негови најпознати романи се: „Злосторство и казна“, „Браќа Карамазови“, „Коцкар“, „Идиот“, „Записи од мртвиот дом“, „Понижени и навредени“ и др. Достоевски е ненадминлив во начинот на разоткривањето на човековата душа, претставник на тн. Психолошки реализам. Пред крајот на животот, Достоевски живеел во градот Стара Руса (близу Санкт Петербург). Умрел на 9 февруари 1881 година од проблеми со белите дробови кои биле предизвикани од неговите епилептички напади. Погребан е на гробиштата „Тихвин“ во манастирот „Александар Невски“, во Санкт Петербург. Неговото тело до гробиштата било испратено од голема толпа луѓе (се проценува дека на неговиот погреб присуствувале 40.000 луѓе). На неговата надгробна плоча пишува: „Вистина, вистина ви велам, ако пченичното зрно не падне во земјата и не умре, останува само, а ако умре, донесува многу плод.” (Евангелие според Јован XII, 24), што е и епиграф на неговиот последен роман „Браќа Карамазови“.

МИСЛИ И ЦИТАТИ ОД ДОСТОЕВСКИ

Фјодор М.Достоевски е еден од најцитираните писатели во светот. Овие се негови најпознати мисли и цитати:

„Моќта им е дадена само на оние што се осмелуваат да се наведнат и да ја соберат во своите раце. Само една работа е важна, само една – да се осмелиш.“

„Човекот е склон да ги набројува своите неволји, но никогаш не ги набројува своите радости. Кога би ги набројувал според заслугата, би увидел дека секој има доволно среќа во животот.“

„Некого е подобро да го имаш за непријател отколку за пријател. Ништо на светот не е потешко од искреноста и ништо не е полесно од додворување.“

„Ако си успешен во нешто, или ќе те копираат, или ќе ти завидуваат, или ќе те мразат.“

„Никој не се вратил да живее во минатото. Затоа не мисли на минатото, гледај само во иднината.“

„Ако си тргнал кон целта и попатно застануваш да фрлиш камен кон секој пес што лае по тебе, никогаш нема да стигнеш таму.“

„Кога ќе се изгуби богатството – ништо не е изгубено, кога ќе се изгуби здравјето – речиси сѐ е изгубено.“

„Со што и да ја покриваш нечистотијата, таа сепак останува нечистотија.“

„Оној што се лаже самиот себе, најлесно се навредува.“

„Ако при секоја пријателска услуга веднаш помислуваш на благодарност, тогаш ти не си подарил, туку си продал.“

„Тоа е мистеријата на човечкиот живот – кога старите таги со текот на времето, постепено, стануваат спокојни радости.“

„Сите идеали на овој свет не вредат колку солзите на едно дете.“

„Никогаш не преземај ништо додека те држи гневот.“

Подготви:
Билјана Цветковска, наставник по македонски јазик

## МАРТ –МЕСЕЦ НА ФРАНКОФОНИЈАТА

Француската култура и традиција се слави, почитува и изучува насекаде низ светот благодарение на **l'Organisation international de la francophonie OIF** – Интернационалната организација на Франкофонијата. Оваа организација брои повеќе од 75 земји членки, во кои се зборува францускиот јазик и тоа како мајчин или како службен јазик. Организацијата постои уште од 1970 год. и во себе ги опфаќа сите оние кои помалку или повеќе го владеат францускиот јазик. Да се биде ***франкофон*** значи ***да се зборува на француски јазик.***




Месец март е месец на Франкофонијата. Секоја година во овој месец низ светот, се слави францускиот јазик и култура и тоа преку организирање на најразлични културни манифестации, спортски и ликовни натпревари, како и познатиот натпревар на француски шансони. Но, оваа година поради пандемијата со корона вирусот, сите активности се поинаку организирани, а дел од нив се и откажани. Имено, натпреварот по француска шансона ќе се реализира преку видео презентации на секој од учесниците. Спортските натпревари се откажани, но преку платформата ZOOM ќе се реализираат повеќе средби на кои ќе се разговара на одредена тема поврзана со францускиот јазик или ќе има литературно читање на делата од некој познат француски автор.




Учениците од нашето училиште оваа година месецот на Франкофонијата ќе го одбележат со слушање француски шансони, читање песни од некои француски поети, како и преку изработка на презентации. Дел од активностите ќе се реализираат на самите часови, а некои ќе бидат реализирани како воннаставни активности. Но, за жал сите активности ќе бидат реализирани онлајн.




Славјанка Христова,
наставник по француски јазик

**Грант на МОН за промовирање на мултикултурализмот во образованието**
**МИМО (Меѓуетничка интеграција на младите во образованието)**



Мултикултурното образование претставува учење за другите култури и настојува да овозможи прифаќање или барем толеранција на другите култури. Од друга страна интеркултурното образование се стреми кон надминување на пасивната коегзистенција и креирање на развиен и одржлив начин на заеднички живот во мултикултурното општество. Тоа се прави преку градење на разбирање, заемно почитување меѓу групите од различни култури, обезбедување на заеднички можности за борба против дискриминација. Разликата меѓу двата термини е во активното и пасивно третирање на различноста на културите. Додека едниот само промовира другиот концепт креира можности за активна интеракција преку зајакнување на свеста за вистинските потреби и придобивки од интеркултурализмот.

Интеркултурното образование претпоставува дека меѓу луѓето постојат вештини и знаења кои ја поттикнуваат љубопитноста за спознавање на другите култури а со тоа и подготвеноста за взаемно почитување на другите култури.
Интегрираното образование е спојување на различните култури врз основа на позитивни морални концепти. За да се интегрираат културите тие треба да се знаат, почитуваат и разбираат меѓу себе. Тоа не значи дека страните треба да се откажат од нивните карактеристики ниту пак да се фокусираат на нивните разлики.



Меѓуетничката интеграција во образование кај нас не треба да се сфати дека е нешто посебно и експериментално. Таа во себе не вклучува ништо повеќе од тоа што веќе постои во теоријата за интеркултурно образование, од меѓународното искуство односно искуството на многу разнолики држави како што се: Канада, Америка, Австралија итн.

Во периодот 2020 – 2021 година, во нашето училиште беа реализирани различни активности, интегрирани во рамките на редовните часови, воннаставните ученички активности или преку различни проектни ученички активности, а во насока на подобрување на меѓуетничката интеграција на младите во нашето училиште.

**АКТИВНОСТ 1**

**ПОЕТСКО ЧИТАЊЕ НА ТЕМА „МУЛТИКУЛТУРНО ЖИВЕЕЊЕ – НАША ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА“**






**АКТИВНОСТ 2**

**ИЗРАБОТКА НА МУЛТИКУЛТУРНА СЛОЖУВАЛКА „СИТЕ ЖИВЕЕМЕ ПОД ИСТО НЕБО“**







**АКТИВНОСТ 3**

**ИЗРАБОТКА НА ПЛАКАТ НА ТЕМА: „ЖИВЕЕМЕ ПОД ИСТО НЕБО“**







**АКТИВНОСТ 4**

**НАРОДНО ТВОРЕШТВО „МАКЕДОНИЈА – МУЛТИКУЛТУРНА РИЗНИЦА“**






**АКТИВНОСТ 5**

**НАРОДНО ТВОРЕШТВО „МАКЕДОНИЈА – МУЛТИКУЛТУРНА РИЗНИЦА“**









# УЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ



Пелагониските културно - научни средби - Новаци во соработка со ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, ПУ -Бач денеска одржаа работилница со наслов „ Поезијата и природата се насекаде околу нас“.

По повод Меѓународниот ден на поезијата, 21 март и прввиот пролетен ден. На работилницата учествуваа учениците од VI до IX одделение, а целта беше учениците да се мотивираат повеќе да читаат и да ја почитуваат природата, така што ќе се грижат за неа, така што засадија цвеќиња и читаа еколошки пораки.

Во склоп на предметот - македонски јазик, учениците заедно со наставничките Гордана Најдовска и Биљана Т. Димко подготвија презентација и поетско читање според творештвото на македонската поетеса Светлана Христова Јоциќ, а додека наставничката по англиски јазик Билјана Крстеска со учениците подготви пролетен поетски рецитал. Во работилницата беше вклучен и второоделенецот Лука, кој заедно со неговата наставничка Николина Василевска изработи прекрасна честитка со еколошка и поетска порака. Работилницата се заокружи со „Стисот на мудроста“ (дијалектизам од моштенскиот крај што означува- сид), по примерот на поетесата Светлана Хрисова Јоциќ, којашто со нејзиното творештво е чувар на македонскиот древен и дијалектен збор, којшто всушност е изворот на денешниов македонски стандарден јазик по тој повод го споменавме и Блаже Конески со неговата вонвременска „Везилка“.







## Проект EARTH HOUR 2021 - Меѓупредметна корелација (англиски јазик, музичко образование, математика)







Online презентација одржана на ден 23.03.2021 на ученици на возраст од 13 до 15 години (VI до IX) одделение. Активност во доменот на финансиска едукација со цел да се приближи Народната банка до пошироката јавност и да ја унапреди информативноста на учениците за доменот на делување на институцијата, нејзината улога и значењето што го има во домашната економија.



ONLINE РАБОТИЛНИЦИ „БЕЗБЕДНИ ВЕЛО УЧИЛИШТА“ - Безбедност во сообраќај и важноста од имањекреирање на т.н безбедни училишни зони, ПУ Далбеговци



Активности по општество, 4 одд. ПУ Добромири




Учество на ученици од ПУ Гермијан на онлајн активности организирани од страна на НУ Центар за култура - Битола по повод „Илинденски денови 2020“



Активности по природни науки, 2 одд., ПУ Добромири





Активности по ликовно образование, 1 одд. Новаци



Активности по природни науки - Направи активен вулкан, II одд. ПУ Далбеговци



Активности по природни науки, 2 одд. ПУ Агларци



Активности на час по техничко образование, ПУ Рибарци




Активности по природни науки - Направи активен вулкан, II одд. Новаци



Активности по ликовно образование, ПУ Добромири



Активности по општество ПРАВАТА НА ДЕЦАТА, 5 одд. Новаци



Активност математика, содржател на број 3 одд. Новаци



Активности за Нова година, 1 одд. Новаци



Активност природни науки, правиме вртелешки 3 одд. Новаци

## БИБЛИОТЕКАТА НИ Е ОМИЛЕНА И ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

Училишната библиотека е составен дел на целокупната воспитно - образовна дејност во едно училиште. Преку неа се остварува контакт меѓу наставата, наставниците и учениците.

И за време на пандемија училишната библиотека функционира во служба на нашите ученици, можеби не како што сите посакуваме – со физичко присуство, но во секој случај успешно.

Контактот со учениците се остварува лично – со оние ученици од одделенска настава кои посетуваат настава со физичко присуство, но, и со оние ученици кои наставата ја следат од дома, односно, online настава. Со учениците кои имаат настава на далечинско учење, училишниот библиотекар во текот на месецот има по неколку активности со учениците од сите одделенија преку платформата TEAMS. Па така, во текот на оваа учебна година реализирани се повеќе активности меѓу кои: „Претставување на училишната библиотека и професијата библиотекар“; „Запознавање со училишната библиотека“ и „Моите омилени книги“. Училишниот библиотекар во соработка со библиотекарите од подрачните училишта одлично и тимски соработува во планираните активности.

Исто така, се планирани и остварени и активности во ПУ Бач од страна на училишниот библиотекар со учениците од предметна настава, но остварени се и активности со учениците од одделенска настава од ПУ Гермијан и ПУ Живојно – „Да се запознаеме со книгите“.

Она на кое што училишниот библиотекар посебно се радува е љубовта кон книгите и пишаниот збор од страна на учениците, па така, неодамнешната online активност со дел од учениците по повод одбележувањето на „Денот на светската поезија“ зборува многу  за љубовта на учениците кон пишаниот збор, а тоа се гледа во нивните прекрасни лични стихови наменети за овој ден.

Освен активностите со учениците, училишниот библиотекар активно учествува во сите активности поврзани со училишниот живот, стручни активи, состаноци, тимови и сл.

Библиотекар
Даниела Ристевска












Пофалени цртежи на ликовниот конкурс

***„ЈАС ЌЕ СЕ БОРАМ, ДРУЖЕ, ДА СТАНЕ ПОУБАВ СВЕТОТ“***




Александра Стефановска VI одделение - Бач



Исидора Ристевска I одделение - Новаци



Бјанка Мицевска IV одделение - Новаци



Христијан Кубовски VII одделение - Бач



# УЧИМЕ ДА ЦРТАМЕ















Тамара Божиновска, 5 одд. - учество на општински натпревар по математика. Со освоени 88 поени, се стекна со право на учество на регионалниот натпревар.

Анета Марковска 8а одд., Теодора Талевска 8а одд., Софија Николовска 8б одд. - учество на општински натпревар по математика

Ивана Талевска 6б одд, – II место, Стефан Ристевски 6б одд., – пофалница - учество на општински натпревар по математика

Јован Ристевски, 9а одд. – пофалница - учество на општински натпревар по математика

Кристијан Илиевски 8а Стефан Митревски 8б - учество на општински натпревар по математика



# НАГРАДЕНИ ЛИКОВНИ ОСТВАРУВАЊА НА КОНКУРСОТ НА ТЕМА:
## *„ЈАС ЌЕ СЕ БОРАМ, ДРУЖЕ, ДА СТАНЕ ПОУБАВ СВЕТОТ“*



**I место**
**Андреј Ристевски III одделение - Новаци**



**I место**
**Моника Стојчевска IX б одделение - Новаци**



**II место**
**Давор Талевски II одделение - Новаци**




**II место**
**Николина Јумруковска**
**VII одделение - Бач**



**III место**
**Викторија Најдановска V одделение - Живојно**



**III место**
**Ивана Јончиќ VI а одделение - Новаци**

Издавач: ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци
Директор: м-р Илче Соклевски
Редакциски одбор: Вецко Стојчевски, Билјана Цветковска, Пеце Николовски
Членови на новинарска секција: Моника Стојчевска, Габриела Костадиновска, Викторија Талевска, Анастасија Петровска, Софија Николовска, Теодора Талевска